# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.15/2017 20.12.2017 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за согласност за имплементирање на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина" со Акроним „wa-mbrella"**

Се објавува Одлуката за согласност за имплементирање на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина" со Акроним „wa-mbrella", што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 19.12.2017 година.

Бр.09-391/1
20.12.2017 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 79 став 1 точка 11 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/6, 2/11, 9/11,16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 19.12.2017 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**За согласност за имплементирање на проектот**

***,,Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина" со Акроним ,,wa-mbrella"***

**Член 1**

Советот на Општина Неготино дава согласност,општина Неготино да го имлементира проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина" со Акроним ,,wa-mbrella" кој ќе се имлементира во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка Република Грција-Република Македонија 2014-2020.

**Член 2**

Водечки корисник(ВК) на проектот "Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина" со Акроним ,,wa-mbrella"е општина Алмопиа, Грција. Општина Неготино е Корисник 2(К2) за Република Македонија. Корисник 3( К3) на проектот е Општинското Претпријатие за водовод и канализација на Алмопиа, РЕпублика Грција, а Корисник 4(К4) е ЈП,,Комуналец,,Неготино, Република Македонија .

**Член 3**

Проектот е во рамките на Приоритетна оска 2. Заштита на животна средина-Транспорт, Тематски приоритет 2б. Заштита на животната средина и промовирање за адаптација и намалување на климатските промени, спречување и управување со ризик и Специфична цел:2.3 Одржливо управување со заштитени подрачја, екосистеми и биодиверзитети **.**

**Член 4**

Општина Неготино преку Одделението за локален економски развој ,Одделението за Урбанизам и заштита на животна средина и Одделението за комунални работи и сообраќај се обврзува да учествува во имплементација на проектот во согласност со насоките од Програмскиот прирачник и обврските кои се дел од Договорот за грант и Договорот за партнерство.

**Член 5**

Вредноста на одобрениот буџет за Корисник 2( К2) општина Неготино е во износ од 286.140,50 евра или 17.597.640,75мкд**.**Финансирањето е во соодност 85% Европска Унија и 15% национално ко-финансирање. Соодносот за претфинансирање во текот на

реализацијата на проектот се утврдува дополнително согласно Договорот и за таа цел се алоцираат средства во Буџетот на Општина Неготино за 2018 година.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл. гласник на општина Неготино“.

Бр.08-377/3
19.12.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за задолжување на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина” со Акроним „wa-mbrella”**

Се објавува Одлуката за задолжување на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина” со Акроним ,,wa-mbrella”, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 19.12.2017 година.

Бр.09-391/2
20.12.2017 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 50 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/6, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 19.12.2017 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

**За задолжување на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина” со Акроним ,,wa-mbrella”**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го задолжува ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина” со Акроним ,,wa-mbrella”

**Член 2**

Советот на Општина Неготино го задолжува УО на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино да го следи имплементирањето на овој проект .

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл. гласник на општина Неготино“.

Бр.08-377/4
19.12.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за задолжување на СОУ Кирил и Методиј Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот „Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина „ со Акроним„ ЕНПОЛ-ЕЕ”**

Се објавува Одлуката за задолжување на СОУ Кирил и Методиј Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот „Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина „ со Акроним„ ЕНПОЛ-ЕЕ”, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 19.12.2017 година.

Бр.09-391/3
20.12.2017 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 50 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/6, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 19.12.2017 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А

**За задолжување на СОУ„ Св.Кирил и Методиј” Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот „Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина „ со Акроним„ *ЕНПОЛ-ЕЕ”***

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го задолжува СОУ,, Св.Кирил и Методиј” Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот ,,Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина ,, со Акроним,, *ЕНПОЛ-ЕЕ”.*

**Член 2**

Советот на Општина Неготино го задолжува УО на СОУ,, Св.Кирил и Методиј” Неготино да го следи имплементирањето на овој проект .

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Сл. гласник на општина Неготино“.

Бр.08-377/5
19.12.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Одлуката за преостапување на две патнички моторни возила на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино

Се објавува Одлуката за преостапување на две патнички моторни возила на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 19.12.2017 година.

Бр.09-391/4
20.12.2017 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, бр.5/2002) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 19.12.2017 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За преотстапување на две патнички моторни возила на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино**

Член 1

Со оваа одлука се преотстапуваат две патнички моторни возила на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино, добиени од Агенцијата за управување со одземен имот Скопје со решение бр.09-4074/2 од 27.11.2017 година и решение бр.09-1667/3 од 27.11.2017 година за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Неготино и тоа:

- Патничко моторно возило марка Фолксваген Голф варијант се рег.бр.SK-469-VF, број на шасија WVWZZZ1HZXK009884 со вредност од 160.000,00 денари
- Патничко моторно возило марка Рено Еспејс се рег.бр.BS-7653, број на шасија VF8J637050R515816 со вредност од 180.000,00 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во ,,Службен гласник на Општина Неготино".

Бр.08-377/7
19.12.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Програмата за изменување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2018 година**

Се објавува Програмата за изменување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2018 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 19.12.2017 година.

Бр.09-391/5
20.12.2017 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02 и член 79 став 1 точка 11 од Статутот на општина Неготино ,(Службен гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 19.12.2017 година донесе:

## П Р О Г Р А М А

**За изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2018 година**

### Член 1

Во Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2018 година се врши следната измена:

Во табелата-**Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој 2018**

**Точка 4,колона 2,** ,,Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина ,, со Акроним,, *ЕНПОЛ-ЕЕ”*-(одобрен проект), во колона 3 после текстот: Вкупно 315.979 евра или 19.432.708.50мкд

од кои 85% ЕУ, и 15% национално кофинансирање кое се обезбедува од општина Неготино и се враќа од Министерство за локална самоуправа по завршување на проектот и одобрување на финалниот извештај, се додава текстот: За партнер 4 СОУ,,Свети Кирил и Методиј,,86.740,50 Евра или 5.334.540,75мкд од кои 85% ЕУ, и 15% национално кофинансирање .Потребното претфинансирање се планира да биде обезбедено од општина Неготино, а се враќа од Министерство за локална самоуправа, преку СОУ,,Св Кирил и Методиј ,, на општина Неготино по завршување на проектот и одобрување на финалниот извештај.

**Точка 5,** колона 2, ,,Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина” со Акроним ,,wa-mbrella”-(одобрен проект),во колона 3 текстот: средствата се планираат дополнително со Одлука за проширување на буџетот по потпишување на Договор, се заменува и гласи: Вкупно 286.140,50 евра или 17.597.640,75 мкд од кои 85% ЕУ, и 15% национално кофинансирање кое се обезбедува од општина Неготино и се враќа од Министерство за локална самоуправа по завршување на проектот и одобрување на финалниот извештај. Во колона 5 после текстот Европска Унија Ипа проект за прекугранична соработка со Грција –Република Македонија(2014-2020) се додава: Вкупно 286.140,50 евра или 17.597.640,75 мкд плати на вработени за 22 месеци вкупно 24.420 евра или 1.501.830 мкд од кои од редовни работни часови работа на проектот 11.220 евра или 690.030,00 мкд и 13.200евра или 811.800,00 мкд прекувремена работа на проектот), патни трошоци и сместување во странство 2965,50 евра или 182.378,25 мкд, гориво за патување во странство 390 евра или 23.985,00 мкд, изградба-градежни работи 209.240 евра или 12.868.260,00 мкд, договорни услуги и надворешна експертиза 49.125 евра или 3.021.187,50 мкд

**Точка 7,** колона 2,ВКУПНО Г10, во колона 3 сумата 23.396.080,50 се заменува со износот 40.993.721,25,во колона 5 износот 20.522.708,50 се заменува со износот 38.120.349,25

Во табелата-**Под-програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти 2018**

**Точка 2,**колона 2, Изградба на дополнителен дел од патот Горни-Дисан Вешје согласно проектна документација и ново барање до Проектна единица во Министерството за финансии,колона 3- 2.900.000,00,колона 4-проектна сметка, колона 5-Изградба **2.900.000,00,** Компонента ЕУ ИПА Фондови за рурален развој, финансирани од страна на ЕУ, преку Министерство за финансии и менаџирани преку Светската Банка-**ПРОЕКТОТ СЕ БРИШЕ**

**Точка 11**,колона 2 -ВКУПНО ГА0,во колона 3 износот од 20.160.280,50 се заменува со износ од 17.260.280,50 во колона 5 износот од 48.299.601,50 се заменува со износ од 45.399.601,50 директно финансирани и менаџирани 30.853.525,00-останува

непроменет,други останати извори износот од 17.446.076,50 се заменува со износ од 14.546.076,50

Во табелата-**ВКУПНО ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2018 ГОДИНА**

Колона -Г10,колона 2 поддршка на локален економски развој, во колона 3 износот од 23.396.080,50 се заменува со износот **46.328.262,00** во колона 4 износот 2.873.372,00 се заменува со износот 8.207.912,75, во колона 5 износот од 20.522.708,50 се заменува со износ од 38.120.349,25

Колона -ГА0, колона 2 изградба на комерцијални и друг вид на објекти, во колона 3 износот од 20.160.280,50 се заменува со износ од 17.260.280,50, во колона 5 износот од 48.299.601,50 се заменува со износ од 45.399.601,50 директно финансирани и менаџирани 30.853.525,00-останува непроменет,други останати извори сумата 17.446.076,50 се заменува со износ од 14.546.076,50

Колона - ВКУПНО ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ 2018, во колона 3 износот од 45.647.369,00 се заменува со 65.679.550,50 , во колона 4 износот 6.208.520,00 се заменува со износот 11.543.060,75 **,**во колона 5 износот од 70.292.374,00 се заменува со износ од 84.990.014,75 дирекно финансирани и менаџирани 30.853.525,00-останува непроменет, други останати извори износот од 39.438.849,00 се заменува со износ од 54.136.489,75

Во табелата- **Временска табела на активностите за програмата за ЛЕР на ОПШТИНА НЕГОТИНО 2018**
Дел ГАО- Изградба на комерцијални и друг вид на објекти- СЕ БРИШЕ проектот под реден број 2- Изградба на дополнителен дел од патот Горни-Дисан Вешје согласно проектна документација и ново барање до ПЕ во Министерство за финасии, точка 2 СЕ БРИШЕ, и согласно тоа точка 3, станува точка 2, точка 4, станува точка 3,точка 5 станува точка 4,точка 6 станува точка 5,точка 7 станува точка 6, точка 8 станува точка 7,точка 9 станува точка 8,точка 10 станува точка 9.

**<u>Во делот –ФИНАНСИРАЊЕ</u>**

Текстот се менува и гласи:

Вкупно планирани средства во Програмата за Локален економски развој за 2018 **65.679.550,50.**Средства кои треба да бидат обезбедени од Буџетот на општина Неготино преку под-програмите Г10,Г20 и ГА0 се во износ од **11.543.060,75**, од нив 5.334.540,75 е планиран износ за претфинансирање по основ на проект ИПА прекугранична соработка за буџетската единка СОУ,,Св Кирил и Методиј,,Неготино.Од други извори на финансирање до овој момент планирани се 54.136.489,75 и тоа преку**:** Компонента ЕУ ИПА Фондови за рурален развој, финансирани од страна на ЕУ, преку Министерство за финансии и менаџирани преку Светската Банка, преку АФПЗРР,преку Биро за рамномерен регионален развој,УНДП и др.Средствата од ИПА програмата за прекугранична соработка со Грција планирани се за двата одобрени проекти до моментот на потпишани Договори за партнерство и за таа цел се обезбедуваат и Одлуки од Советот.Преостанати

средства кои директно ќе бидат финансирани и менаџирани преку ЕИБ/МТВ се во планиран износ од околу 30.853.525,00мкд до овој момент.

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Неготино“.

Бр.08-377/6
19.12.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

## За објавување на Програмата за изменување на Програмата за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2018 година

Се објавува Програмата за изменување на Програмата за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2018 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 19.12.2017 година.

Бр.09-391/6
20.12.2017 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 15/2015, 98/2015, 193/2015 и 226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/2006, 2/2011, 9/2011, 16/2012 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 19.12.2017 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

**За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2018 година**

**Член 1**

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2018 година се вршат следните измени:

Во точка 2.СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА во под точка 2.1 Средства за финасирање на работите од оваа програма кои се планирани во износ од **181.416.000** денари се заменува со износ од 221.926.000,00денари и во делот на ПРИХОДИ во точка 11 Средства од буџетот во износ од 89.266.000,00денари се заменува со износ од 129.776.000,00денари и се вкупно износот од 181.416.000,00денари се заменува со износ од 221.926.000,00денари.

Во градежни активности кои се во тек износот од 64.713.000,00 се заменува со износ од 105.226.000,00денари.

Во Планирани средства за финансирање на програмата Ј за комунална дејност за градежни активности кои се во тек износот од 60.882.700.000,00денари се заменува со износ од 101.395.600,00денари како средства наменети за финансирање на завршени активности или кои се во тек како обавување на комуналните дејности.

Во под програмата ЈГ Изградба на системи за водоснабдување износот од 11.366.743,00денари се заменува со износ од 44.399.743,00денари, и во истата потпрограма во точка 2 Реконструкција на водоводна мрежа на улици за подобрување на вода за пиење во општина Неготино во ставката кредити и камата за плаќање износот од 1.000.000,00денари се заменува со износ од 6.700.000,00денари.

Во точка 5 од истата пот програма после точка 4 се додава нова точка 5 која гласи : кредити за користење се става износ од 27.333.000,00денари.

Во под програма ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води се додава нова пот програма ЈЛ други комунални и капитални услуги со износ од 7.480.000,00денари.

Во оваа пот програма се додава точка 1 која гласи: Плаќање на фактура за изградба на ловен дом од Симак инженеринг со сума од 2.340.000,00денари ,по неа се додава нова точка 2 која гласи :Плаќање на фактура за изградба на фонтана од Сандра инженеринг со износ од 5.140.000,00денари.

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Неготино".

Бр.08-377/8

19.12.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Решението за давање согласност на Одлуката бр.02-577/7 од 04.12.2017 година, донесена од Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката бр.02-577/7 од 04.12.2017 година, донесена од Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 19.12.2017 година.

Бр.09-391/7

20.12.2017 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 19.12.2017 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Одлуката бр.02-577/7 од 04.12.2017 година, донесена од Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Одлуката бр.02-577/7 од 04.12.2017 година за утврдување на цена на вода за пиење и цена за собирање и одведување на урбани отпадни води за регулиран период 2018-2020 година, донесена од Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-377/9
19.12.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решението за доделување на финансиска поддршка**

Се објавува Решението за доделување на финансиска поддршка, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 19.12.2017 година.

Бр.09-391/8
20.12.2017 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06 , 2/11 , 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 19.12.2017 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на финансиска подршка**

Член 1

Се одобрува финансиска подршка на следните субјекти:

- Општинскиот одбор Неготино на Сојузот на борците од НОВ 1941-1945, во износ од 35.000,00 денари

- Фудбалски клуб „Вардар“ Неготино во износ од 100.000,00 денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-377/10
19.12.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

## За објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош

Се објавува Решението за доделување на еднократна парична помош, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 19.12.2017 година.

Бр.09-391/9
20.12.2017 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 19.12.2017 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на еднократна парична помош**

Член 1

Се доделува еднократна парична помош на следните лица:

- Петар Милошевски во износ од 3.000,00 денари
- Станислава Којева во износ од 5.000,00 денари
- Сали Мустафов во износ од 4.000,00 денари
- Бранко Ѓорѓиев во износ од 3.000,00 денари
- Диме Јанев во износ од 10.000,00 денари
- Дејан Ангелов во износ од 10.000,00 денари
- Весна Ангелова во износ од 10.000,00 денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино".

Бр.08-377/11
19.12.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 15/2017

1.Заклучок за објавување на Одлуката за согласност за имплементирање на проектот ,,Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина" со Акроним ,,wa-mbrella". Стр.1

2. Одлука за согласност за имплементирање на проектот ,,Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина" со Акроним ,,wa-mbrella". Стр.2-3

3. Заклучок за објавување на Одлуката за задолжување на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина" со Акроним ,,wa-mbrella". Стр.3

4. Одлука за задолжување на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот „Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина" со Акроним ,,wa-mbrella". Стр.4

5. Заклучок за објавување на Одлуката за задолжување на СОУ Кирил и Методиј Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот ,,Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина ,, со Акроним,, ЕНПОЛ-ЕЕ". Стр.5

6. Одлука за задолжување на СОУ Кирил и Методиј Неготино за учество како партнер во имплементирање на проектот „Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина ,, со Акроним,, ЕНПОЛ-ЕЕ". Стр.5-6

7. Заклучок за објавување на Одлуката за преостапување на две патнички моторни возила на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино Стр.6

8. Одлука за преостапување на две патнички моторни возила на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино Стр.7

9. Заклучок за објавување на Програмата за изменување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2018 година Стр.8

10. Програма за изменување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2018 година Стр.8-11

11. Заклучок за објавување на Програмата за изменување на Програмата за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2018 година Стр.11

12. Програма за изменување на Програмата за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2018 година Стр.12-13

13. Заклучок за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката бр.02-577/7 од 04.12.2017 година, донесена од Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино Стр.13

14. Решение за давање согласност на Одлуката бр.02-577/7 од 04.12.2017 година, донесена од Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино Стр.14

15. Заклучок за објавување на Решението за доделување на финансиска поддршка Стр.15

16. Решение за доделување на финансиска поддршка Стр.15-16

17. Заклучок за објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош Стр.16

18. Решение за доделување на еднократна парична помош Стр.17